OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Скопје, 17 јули 2018 година

# „Имаш ли жичка за музика?“ прв конкурс во рамките на ОБСГ Клубот на таленти на Охридска банка Сосиете Женерал

Охридска банка Сосиете Женерал го отвара првиот конкурс во рамките на ОБСГ Клубот на таленти, “Имаш ли жичка за музика”, наменет за млади инструменталисти.

Во рамки на годишната стратегија за општествена одговорност, Охридска банка Сосиете Женерал веќе ја најави својата платформа за општествена одговорност наречена, **ОБСГ Клуб на таленти,** која ќе има за цел да пронаоѓа млади, амбициозни и талентирани лица во различни области и истите финансиски да ги поддржува, **„Имаш ли жичка за музика?“** е првиот конкурс од оваа платформа кој во наредните месеци ќе биде во потрага по млади и талентирани инструменталисти.

На Конкурсот „Имаш ли жичка за музика?“ кој ќе биде отворен до 30 септември 2018 година, можат да аплицираат сите заинтересирани млади инструменталисти на возраст од 14 до18 години, односно родени во периодот 2000 – 2004 година. Инструменти што се земаат во предвид на Конкурсот се: клавир, хармоника, виолина, виолончело, виола, гитара, контрабас, хорна, харфа, обоа, кларинет, флејта, труба, фагот, саксофон,тромбон.

Аплицирањето се врши онлајн, на веб страницата www.obsgklubnatalenti.mk во делот **Аплицирање**, каде треба да се пополнат неколку прашања и да се испрати линк од настап на апликантот. Конкурсот „Имаш ли жичка за музика?“ е отворен за апликации од денес, вторник (17 јули, 2018), сè до 30 септември 2018, 23:59ч.

Повеќе информации на www.obsgklubnatalenti.mk

## *За Охридскабанка Сосиете Женерал*

*Охридска банка Сосиете Женерал е универзална банкарска институција која припаѓа на една од најголемите финансиски групации во светот – групацијата Сосиете Женерал. Со повеќе од 146.000 вработени, со присуство во 66 земји, Групацијата Сосиете Женерал опслужува 31 милион клиенти низ целиот свет повеќе од 150 години. Охридска банка Сосиете Женерал функционира според високите стандарди на Сосиете Женерал, почитувајќи ги четирите главни вредности на Групацијата: тимски дух, иновација, посветеност и одговорност. Основната стратегија на Охридска банка Сосиете Женерал е постојаното унапредување на квалитетот на извршувањето на банкарските услуги и нејзината целосна посветеност да ги задоволи потребите на своите клиенти. Преку своето седиште во Скопје и широката мрежа од 27 експозитури на територијата на Македонија, Охридска банка Сосиете Женерал има за*

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

*цел да биде поим за банкарски односи, препознатлива на пазарот, блиска до клиентите, избрана поради својот квалитет и посветеноста на нејзините тимови. Охридска банка Сосиете Женерал во 2016 година е носител на три награди во категоријата „Најдобра банка во Македонија“ од трите најважни банкарски авторитети - "Global Finance", "Euromoney" и "The Banker" и носител на наградата „Најдобра банка во Македонија“ во 2017 година од "Global Finance" и "Euromoney". Во 2018 година, банката повторно ја доби наградата за Најдобра банка во Македонија, според познатиот магазин "Global Finance".*

**Контакт за медиуми на Охридска банка Сосиете Женерал**
Катерина Петровска
Раководител на Дирекција за Маркетинг
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 2 3167 698

Ивана Петревска
Специјалист за маркетинг и комуникации
e-mail: komunikacii@ob.com.mk
Тел: +389 (0)2 3 167 682